КОАЛИЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА

# 2024

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА ЗА 2024

СКОПЈЕ, МАРТ 2025

**Издавач:** Коалиција на здруженија на граѓани
„Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10, 1000 Скопје

Тел/Факс: +389 2 6139874

E-mail: contact@caft.org.mk

Web: www.caft.org.mk

**За издавачот:** Дарко Аврамовски
Извршен директор

**Уредник:** Дарко Аврамовски
Извршен директор

**Автор:** Национална канцеларија на
Коалиција „Сите за правично судење“

**Обработка:** Даниел Митковски

# СОДРЖИНА

ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ ..... 5

## АКТИВНОСТИ И ДОСТИГНУВАЊА ВО 2023 ГОДИНА

ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРЕГЛЕД ..... 2

АКТИВНОСТИ И ДОСТИГНУВАЊА ..... 3

- СУДСКИ МОНИТОРИНГ И ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ ..... 3
- БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ..... 3
- ЗАСТАПУВАЊЕ И ДОСТАПНОСТ ..... 4
- ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ И ПРАВНАТА ПИСМЕНОСТ ..... 6
- УНАПРЕДУВАЊЕ НА СУДСКАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ..... 7
- АНГАЖМАНИ СО КРЕАТОРИТЕ НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СИСТЕМСКИ ПРАШАЊА ..... 7
- УЧЕСТВО ВО МЕДИУМСКИ ДИСКУСИИ ЗА ПРАВНИ РЕФОРМИ ..... 10
- УСПЕСИ И БЛАГОДАРНИЦИ ..... 13
- ДОНАТОРИ И ПОДДРЖУВАЧИ ВО 2024 ГОДИНА ..... 13

## ФИНАНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА

ФИНАНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА ..... 16

- БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА 31.12.2024 ..... 16
- БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2024 ..... 16

КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ ..... 17

- ТИМОТ НА НАЦИОНАЛНАТА КАНЦЕЛАРИЈА НА КОАЛИЦИЈАТА ..... 17
- ИНФОРМАЦИИ ЗА КОАЛИЦИЈАТА: ..... 17

# ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ

Почитувани,

Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ е формална мрежа во која на доброволна основа членуваат 12 здруженија на граѓани од Република Северна Македонија, со цел да се осигура почитувањето на загарантираните права за правично судење како што е предвидено со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори. Покрај ова, Коалицијата работи на зголемување на јавната свест и зајакнување на довербата на граѓаните во институциите на системот, посочување на потребите за промена и реформи, градење на капацитетите на државните органи, зголемување на практичните знаења на студентите на право, зајакнување на улогата и капацитетот на граѓанските организации и друго.

Имајќи предвид дека набљудувањето на судските постапки е активност која ја издвојува Коалицијата како единствен национален субјект кој спроведува системски мониторинг над работата на судовите низ целата држава, така и оваа година акцентот на работа беше ставен токму на оваа активност. Оваа година беше зголемен бројот на набљудувани судски постапки, проширен опсегот на тематски области на мониторинг, а беше проширен и тимот на набљудувачи кои спроведуваа мониторинг во 17 судови и во сите 3 инстанци на судската власт. Врз основ на овие истражувачки активности Коалицијата успеа да ја задржи релевантноста помеѓу чинителите во судството, како и препознаеноста во јавноста како релевантен извор на информации за перформансот на судовите и органите на судската власт.

Покрај ова, Коалицијата воедно се залага и за еднаков пристап до правда на сите граѓани на Република Северна Македонија, па оттука како регистрирано здружение за бесплатна правна помош, Коалицијата активно овозможува правна помош на сите граѓани, со посебен фокус на ранливи и маргинализирани заедници. Во оваа насока се забележува континуиран раст на бројот на граѓани кои се имаат обратено до Коалицијата, помеѓу кои и оваа година се наоѓаат и правни лица, судии, јавни обвинители и адвокати.

Конечно, како посебно достигнување оваа година кое треба да биде посебно извдвоено е успешно спроведениот процес за консултации и координирање на судиите и јавните обвинители за прашања релевантни за ефикасноста на судовите во кривичните постапки и унапредување на учеството на засегнатите страни во реформските процеси. Како резултат на оваа активност, беше изготвен документ за јавни политики, кој помеѓу другото предвидуваше и промена на практиката на постапување на судиите и јавните обвинители. Врз основ на овој документ, веќе се применува поинаква динамика и пристап во менаџирањето на судските процеси во одредени судови и судски одделенија, како и се преземени други последователни чекори кои имаат за цел ширење и прифаќање на востановените добри практики.

Поради ова, со цел унапредување на ефектите од реформските процеси и придонес кон континуиран прогрес во примена на меѓународните стандарди во правосудството, Коалицијата ќе продолжи со следење и анализа на судските постапки и постапувањето на органите на судската власт..

Со почит,

**Дарко Аврамовски**

Извршен директор

# АКТИВНОСТИ И ДОСТИГНУВАЊА ВО 2024 ГОДИНА

# ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРЕГЛЕД

**Мисијата** на Коалицијата „Сите за правично судење“ е следење на почитувањето на човековите права и слободи, особено на меѓународните стандарди за правично судење, преку разни форми на дејствување и настојување да се зголеми нивото на имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи, како и да се зголеми довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

**Визијата** на организацијата е да прерасне во моќна и стабилна организација, двигател и партнер на институциите на системот во настојувањето Република Северна Македонија да се издигне како земја во која целосно ќе се почитуваат човековите права и слободи, со посебен акцент на стандардите за правично судење, како елементарен услов за интегрирање во Европската Унија.

Како единствена специјализирана организација за мониторинг на судски постапки, Коалицијата и во 2024 година ги набљудуваше постапките на територија на сите четири апелациони подрачја, при што беа опфатени вкупно 17 судови. Како и претходните години, така и оваа година Коалицијата „Сите за правично судење“ посебен акцент стави на судските предмети од областа на организиран криминал и корупција, останати предмети што се проследени со висок степен на јавен интерес како и предмети набљудувани по барање на странки. Преку присуството на професионално ангажираните набљудувачи во судниците, Коалицијата директно го зголемува степенот на јавност во судските постапки како едно од основните начела за фер и правично судење. Токму и од оваа причина, важно да се истакне дека 2024 година бележи пораст на мониторирани предмети по барање од страна на странки, меѓу кои покрај граѓани и правни лица, до Коалицијата се обраќаа и судии, јавни обвинители и државни институции и органи за да побараат набљудувачите да ги следат предметите во кои постапуваат или каде се јавуваат како странка.

Од друга страна кога станува збор за бесплатната правна помош, Коалицијата е регистрирано здружение за пружање на бесплатна правна помош во регистарот на Министерство на правда. Следствено на ова, во текот на 2024 година, тимот на Коалицијата обезбедуваше примарна правна помош која во најголем дел беше во вид на правни совети и информации на граѓани кои имаа есенцијална потреба да го решат нивниот правен проблем, со фокус на ранливи и маргинализирани категории на граѓани. Па така, во 2024 година, вкупно 179 граѓани се обратија со барање за правна помош.

# АКТИВНОСТИ И ДОСТИГНУВАЊА

Оваа година беше успешна за Коалицијата, што може да се забележи преку нашите активности и постигнати резултати. Преку имплементација на различни проекти, активно учество во работни групи за правни реформи, јавно застапување, медиумски појавувања и креирање и презентирање на детални и длабински анализи на одредени состојби и проблеми во судството, направивме значаен придонес за унапредување на определени состојби и спречување на понатамошно деградирање и влошување на други проблеми.

### Судски мониторинг и истражувачки активности

Една од главните компоненти по која Коалицијата „Сите за правично судење“ е препознаена повеќе од 20 години е мониторингот на судските постапки. Мониторингот се спроведуваше во рамки Годишната програма за работа, финансиски овозможена и поддржана од страна на Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија. Следствено на ова, во 2024 година беа мониторирани вкупно 948 рочишта за главна расправа, од кои 181 рочиште по предмети од граѓанска област и 292 рочишта по предмети од кривична област од кои 199 рочишта за предмети од областа на организираниот криминал и корупција, а воедно беа мониторирани и помал број на прекршочни и управни предмети. Покрај горенаведените активности, Коалицијата ги мониторираше и седниците на Судскиот Совет и Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, па оттука беа мониторирани вкупно 37 седници на Судскиот совет и 22 седници на Советот на јавните обвинители.

Податоците прибрани преку ваквите извештаи беа обработени и анализирани, а потоа и презентирани на релевантните чинители, па така врз основ на овие истражувачки активности Коалицијата даде посебен придонес во изготвувањето на повеќе извештаи за состојбите во државата, како што е извештајот на ЕУ за владеење на правото, потоа извештајот на Европската комисија за напредокот во процесот за пристапување во ЕУ, како и во работните групи за Законот за кривичната постапка, Законот за Судскиот совет и тн.

### Бесплатна правна помош

Во текот на извештајниот период, Коалицијата им овозможи бесплатна примарна правна помош на вкупно 179 граѓани, со фокус на ранливи и маргинализирани заедници. Граѓаните се обраќаа со прашања од различни правни области, меѓу кои во најголем дел може да се издвојат прашањата поврзани со регулирање на нивниот статус, правата од социјална заштита и имотно-правните прашања.

Правната помош која се обезбедуваше од тимот на Коалицијата, ги опфати сите видови на примарна правна помош согласно Законот за бесплатната правна помош, со тоа што најмногу застапени беа правните совети и информации  за решавање на правното прашање на граѓаните. Токму во овој дел, од особена важност е да се напоменат неколку успешно решенипроблеми на граѓаните и тоа:

- Странка, која се соочува со попреченост и многу тешко може да комуницира побара правна помош во својство на жртва во кривична постапка. Лицето не можеше да се застапува самостојно, а за иницирање на постапката беше потребно да поднесе приватна тужба, која не може да ја напише, а поради тоа што е корисник на социјална помош, не може да си дозволи да плати адвокат. Оттука, од страна на Коалицијата беше пружена примарна правна помош за подготовка и поднесување на барање за бесплатна секундарна правна помош до подрачното одделение на Министерството за правда. Сепак, ваквото барање беше одбиено со образложение дека не станува збор за прашање за кое согласно Законот се одобрува секундарна правна помош., бидејќи станува збор за кривична постапка Од страна на Коалицијата беше поднесена жалба до Министерството за правда која  беше уважена и странката конечно доби бесплатно застапување од адвокат во постапката. Набргу по иницирање на постапката пред суд, странката успеа вонсудски да се спогоди со спротивната страна и да добие обесштетување за претрпените повреди и штета.
- Повеќе члено семејство стапи во контакт со нашиот тим и побара правна помош во однос на регулирање на повеќе прашања поврзани со личната документација и државјанството. Станува збор за семејство повеќе децении живее во Македонија, но ниту еден член на семејството не е евидентиран во матичната евиденција, нема лични документи, ниту пак регулиран престој. Од страна на Коалицијата беше пружена правна помош за стекнување лични документи, како во однос на прибирање на потребната документација така и со редовна комуникација со надлежните институции. Случајот е сè уште во тек за половина од членовите на семејството, додека пак останатите лица успеаја да ги решат овие статусни проблеми и да добијат лични документи после повеќе децении.

Дополнително, во соработка со Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико, тимот на Коалицијата организираше и спроведе теренски посети за граѓани кои живеат надвор од Скопје, со посебен фокус на руралните средини. На овој начин се воспостави директна комуникација со локалното население што овозможи достапно и навремено пружање на правната помош, а воедно и се оствари придружби на странките до надлежните институции, со цел помош и поддршка на граѓаните при комуникација со службените лица и правилно наведување на нивниот правен проблем.

## Застапување и достапност

Во рамките на Годишната програма за работа, Коалицијата изготви 3 анализи и тоа:

- Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки во 2024 година, достапна на следниот линк: https://shorter.me/zNVGG
- Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година, достапен на следниот линк: https://shorter.me/R_EPp
- Анализа на состојбата со човечките ресурси во судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија достапна на следниот линк: https://shorter.me/zVcui

Со цел промоција на спроведените истражувања, Коалицијата организираше завршна конференција каде беа презентирани прибраните и анализираните податоци. Покрај презентацијата на анализите, дел од конференцијата беше организирана како панел дискусија, каде што беа поканети релевантни чинители и експерти од областа, а воедно беше оставен и простор за дискусија. На завршната конференција присуствуваа судии, јавни обвинители, адвокати, универзитетски професори, претставници на граѓански и меѓународни организации, медиуми и други.





*Дел од учесниците на завршната конференција – х. Мериот, скопје*

Дополнително, во рамки на проектот, „Подобрување на учеството на засегнатите страни во процесот на реформи во правосудството“, Коалицијата организираше тркалезна маса со судии, јавни обвинители и претставници на граѓански организации, со цел подготовка на документ за јавни политики кој содржи препораки дадени директно од страна на судии и јавни обвинители за правни прашања кои според нивното искуство имаат големо влијание врз ефикасноста и ефективноста на кривичната постапка.




*Тркалезна маса со судии, јавни обвинители и претставници од граѓански организации – х. Манастир, Берово*

Документот за јавни политики е доставен во електронско издание и е објавен на веб страна на Коалицијата на следниот линк: https://shorter.me/2VjCc

Во овој дел, значајно е да се истакне дека документот за јавни политики го привлече вниманието на повеќе релевантни субјекти, како претставници на судската власт, така и министри и претставници на извршната власт, но и пратеници како претставници на законодавната власт, кои воедно изразија интерес да се вклучат во имплементација на препораките. Процесот на застапување на документот

за јавни политики составен од препораки дадени од самите судии и јавни обвинители продолжува и понатаму, а веќе се планираат и заеднички акции со останатите субјекти за реализација на овие препораки.



*Состанок на Коалицијата „Сите за правично судење“ со Министерството за правда – Скопје*

Во рамки на проектот, „Правна помош и поддршка на Ромите во Република Северна Македонија“, беше изработен извештај за обезбедена правна помош на граѓаните од ромската заедница, кој ја одразува состојбата во која се наоѓаат истите, главните пречки кои што се од суштинско значење за да можат целосно да ги уживаат основните човекови слободи и права во државата, слабостите на Законот за бесплатна правна помош како и препораки за надминување на истите. Извештајот е достапен во електронска верзија на официјалната веб страна на Коалицијата на следниот линк: https://shorter.me/sFP_I

**Подигнување на јавната свест и правната писменост**

Во рамки на Годишната програмата за работа, финансиски овозможена и поддржана од страна на Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, Коалицијата организираше 3 панел дискусии наменети за општата јавност со цел граѓаните подобро да се запознаат со различните процеси битни за општествено функционирање и правната култура во земјата, па следствено на тоа, панел дискусиите беа организирани на следниве теми:

- **Заштита од мобинг на работно место**, која се одржа во месец април и е достапна на следниов линк: https://shorter.me/T_SLg
- **Права и обврски на студентите**, која се одржа во месец јули и е достапна на следниов линк: https://shorter.me/tfGOs
- **Права и обврски на потрошувачите**, која се одржа во месец ноември и е достапна на следниот линк: https://shorter.me/cYy_B







*Дел од учесниците на панел дискусиите*

Панел дискусиите беа реализирани преку платформа за видео комуникација, со пренос во живо преку Фејсбук страната на Коалицијата. Претставниците на релевантните институции и граѓанските организации имаа улога на панелисти, додека пак граѓаните имаа можност да ја следат дискусијата и да поставуваат прашања до панелистите од конкретната тема.

**Унапредување на судската транспарентност и отчетност**

Дополнително, Коалицијата преку проектот „Независност преку отчетност - следење и проверка на судската одговорност во Северна Македонија“ започна со анализирање на 20 постапки за утврдување на одговорност на судии/претседатели на судови во периодот од 2019 до 2024 година. Сите податоци и правни дилеми кои ќе произлезат од истражувањето ќе бидат сумирани во финална анализа како краен продукт со инкорпорирани наоди, заклучоци и препораки за начинот на кој се водат дисциплинските постапки против судиите. Со цел запознавање на општата јавност со проектните активности, Коалицијата во месец август 2024 година, одржа промотивен настан за презентација на целите на проектот и методологијата која ќе се користи за спроведување на истражувањето.





*Дел од учесниците на промотивниот настан – х. Мериот, Скопје*

**Ангажмани со креаторите на политиките за решавање на системски прашања**

Имајќи ги предвид измените на Законот за кривичната постапка, Коалицијата во рамки на проектот „Подобрување на учеството на засегнатите страни во процесот на реформи во правосудството“, одржа состаноци со судии и јавни обвинители со цел прибирање на коментари и забелешки во

поглед на измените на Законот за кривичната постапка, како и во поглед на предизвици и проблеми со кои секојдневно се соочуваат при нивното тековно работење, а за кои не е потребна законска измена.

Прибраните коментари и забелешки беа потоа дискутирани на ниво на апелационо подрачје, како би се обезбедило еднакво учество на судиите и јавните обвинители од сите апелациони подрачја. Три од состаноците се одржаа во просториите на Врховниот суд, имајќи го предвид склучениот меморандум за соработка помеѓу Врховниот суд и Коалицијата во рамките на овој проект, додека пак четвртиот состанок се одржа во просториите на Апелациониот суд Битола. Ваквите состаноци се покажаа како исклучително одлична алатка преку која се овозможи простор за дискусија и структурирана дебата за проблематични правни прашања кои директно го засегаат функционирањето на правосудниот систем.




*Работен состанок со апелационо подрачје Скопје (лево) и Гостивар (десно)*




*Работен состанок со апелационо подрачје Штип (лево) и Битола (десно)*

Дополнително, Коалицијата во соработка со Врховниот суд на РСМ организираше работна средба со судии од четирите апелациони судови и Врховниот суд. Целта на работна средба, беше донесување на заклучоци по претходно утврдени правни прашања од граѓанската и кривичната област за кои постои потреба да бидат разгледани на ниво на четирите апелациони судови, заедно со судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија.





*Работна средба на судиите од четирите апелациони судови со судиите од Врховниот суд – х. Мериот, Скопје*

Документот со изготвените заклучоци за правните прашања од граѓанската и кривичната област е достапен на официјална веб страна на Врховниот суд на следниов линк: https://shorter.me/gk_E5

Освен тоа, Коалиција организираше 3 работни состаноци со релевантни чинители на актуелни теми од областа на правосудството. Имено, првиот состанок, беше организиран на 23.05.2024 година, во вид на фокус група со стручни соработници од судовите и обвинителствата, кој имаше за цел да се отвори дискусија за условите за извршување на работните задачи на стручната служба во судовите и јавните обвинителства, нивната можност за континуирано усовршување и зајакнување на капацитетите, можностите за кариерно унапредување, примената на Мерит системот, нивната вклученост во разни релевантни процеси, оценувањето на нивниот перформанс на работа и слично.

Вториот состанок се одржа на ден 20.08.2024 година, на кои присуствуваа адвокати и претставници на граѓански организации кои пружаат бесплатна правна помош, при што главен фокус беше ставен на уредувањето на таканаречената про боно правна помош, кои се сегашните начини во практиката преку која адвокатите можат да ја обезбедат истата како и кои се позитивните и негативните ефекти при обезбедувањето на про боно правни услуги за граѓаните.

Третиот работен состанок се одржа на ден 15.10.2024 година, во вид на брифинг со новинари и претставници на Судско медиумскиот совет, со цел презентација на документ за јавни политики кој беше подготвен од страна на Коалицијата, а ја одразува ефикасноста на судовите и јавните обвинителства во однос на состојбата со судии и јавни обвинители, бројот на предмети како и податоци за судската и јавнообвинителската служба.





*Дел од учесниците на работните состаноци – х. Мериот, Скопје*

**Учество во медиумски дискусии за правни реформи**

2024 година бележи голем пораст на медиумски појавувања од страна на Коалицијата. Оттука, како клучни би ги издвоиле јавните дискусии поврзани со работата на Судскиот совет, меѓу кои во најголем дел се однесуваа на следниве:

- Спорната постапка за разрешување на претседателот на Врховниот суд, достапно на следните линкови: https://shorter.me/7lRyg и https://shorter.me/3rLDs
- Незаконското разрешување на претседателката на Судскиот совет, достапно на следните линкови: https://shorter.me/j29gj, https://shorter.me/5h7YE, https://shorter.me/4E-pE, https://shorter.me/EHulz, https://shorter.me/MpeC3, https://shorter.me/bG7eo, https://shorter.me/cRMzr, https://shorter.me/IN3-l, https://shorter.me/XI3WX, https://shorter.me/7epSZ, https://shorter.me/HIOBC, https://shorter.me/MA0t5, https://shorter.me/q9goF, https://shorter.me/0vn67, https://shorter.me/6b1y6, https://shorter.me/sW_ha, https://shorter.me/1Diz4, https://shorter.me/h6h5Y, https://shorter.me/e7nlW
- Повикување на оставка на членовите на Судскиот совет и најавите за распуштање на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, достапно на следните линкови: https://shorter.me/xTJow, https://shorter.me/f0h0c, https://shorter.me/PwYyp, https://shorter.me/0IZ8i, https://shorter.me/Sf2YZ
- Проблемите со недостаток на судии, јавни обвинители како и стручен судски и јавнообвинителски кадар, достапно на следните линкови: https://shorter.me/pjVsu, https://shorter.me/QmPUh, https://shorter.me/teAXN, https://shorter.me/AWb1M
- Дисциплински постапки на судии, достапно на следните линкови: https://shorter.me/6w1mq, https://shorter.me/a2wwR, https://shorter.me/JhbwC, https://shorter.me/1PO7g, https://shorter.me/sPrf4, https://shorter.me/SFn3X, https://shorter.me/UIsZY

Останатиот дел од јавните појавувања исто така се поврзани со состојбите во правосудниот систем и тоа:

На ден 19.02.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за Радио Слободна Европа во врска со малиот број на високи функционери кои завршиле во затвор. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/GcmZ6

На ден 19.02.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше во емисијата „Код“ по однос на Црната листа на САД за урбанистичкиот во Карпош и Законот за рестриктивни мерки. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк: https://shorter.me/5xBo6

На ден 09.04.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за порталот Слободен печат во врска со Ветингот во правосудството. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/Jr6Cl

На ден 30.04.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше во емисијата „Топ Тема“ на ТВ Телма по однос на реформите на судството и борбата против корупцијата како дел од предизборните кампањи. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк: https://shorter.me/bgstH

На ден 17.09.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за порталот Призма во врска со измените на Кривичниот законик со кои се декриминализира искористувањето на службената положба. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/L7pVW

На ден 07.10.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за Радио Слободна Европа во врска со застарувањето на неизвршувањето на казната за поранешниот премиер Никола Груевски во предметот за набавката на владиниот мерцедес. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/TTqfj

На ден 15.10.2024 година, претставници од Коалицијата „Сите за правично судење“ дадоа изјава за ТВ Телма, ТВ Алсат М, ТВ Сител, Канал 5 и порталот 360 степени во врска со нетранспарентниот избор на јавната обвинителка Ирина Трајкоска Стрезоска за директорка на Академијата за судии и јавни обвинители. Изјавите се достапни на следните линкови: https://shorter.me/S4p_z, https://shorter.me/aE4kc, https://shorter.me/UB4dX, https://shorter.me/fuRcB, https://shorter.me/Uf4Xd

На ден 29.10.2024 година, порталот Фронтлајн, порталот Независен, порталот А1он.мк, порталот МКД, порталот 360 степени и Транспаренси Интернешнл-Македонија известија по однос на објавената јавна реакција на Коалицијата „Сите за правично судење“ во врска со номинацијата на членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители од страна на Судски совет и Совет на јавни обвинители. Известувањата се достапни на следните линкови: https://shorter.me/9X7td, https://shorter.me/1vqIK, https://shorter.me/IOZtX, https://shorter.me/Y9TIl, https://shorter.me/EsZCj, https://shorter.me/tmbxV

На ден 31.10.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Алфа на тема „Судско-обвинителската фела и покрај сите критики од дома, но и од странство, си тера по старо“. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/NnkgF

На ден 31.10.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше во емисијата „Топ тема“ на ТВ Телма во врска со оценките и препораките од извештајот на Европската комисија. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк: https://shorter.me/xLvzu

На ден 03.11.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Сител во врска со назначувањето членови во Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители од страна на Судски совет и Совет на јавни обвинители. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/xLvzu

На ден 03.11.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за Алфа во врска со непреземањето одговорност од страна на Судски совет и Совет на јавни обвинители за упадот со новите членови во Академијата. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/AOhnV

На ден 05.11.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Сител во врска со назначувањето членови во Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители од страна на Судски совет и Совет на јавни обвинители. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/d_8qh

На ден 13.11.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Алфа во врска со бегството на обвинетата во предметот „Синџир“. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/H1An4

На ден 20.11.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше во емисијата „24 Анализа“ на ТВ 24 на тема „Реформи во правосудството“. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк: https://shorter.me/tXdTb

На ден 29.11.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за порталот 360 степени во врска со првите предмети за конфискација на имот за кои нема докази за кривично дело. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/b_ood

На ден 13.12.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за порталот Слободен печат во врска со застарувањето на предметот за масовно прислушкување. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/DiH6t

На ден 17.12.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше во емисијата 360 степени на тема „Дали судијата Беџети ќе биде разрешен во новата постапка пред Судски совет?“. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк: https://shorter.me/dnxLk

На ден 13.12.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за Радио Слободна Европа во врска со Црната листа на САД и критиките упатени кон Јавното обвинителство. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/BIuoG

На ден 19.12.2024 година, претставници од Коалицијата „Сите за правично судење“ дадоа изјави за ТВ Сител и ТВ Телма во врска со недонесување пресуди за крупен криминал во судската година. Изјавите се достапни на следните линкови: https://shorter.me/xy4w7, https://shorter.me/ggzSc

На ден 19.12.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Алсат М во врска со намерното одолговлекување на „Таргет – тврдина“. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/1Q3OM

На ден 24.12.2024 година, претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Сител во врска со ефикасноста на борбата со криминалот и корупцијата. Изјавата е достапна на следниот линк: https://shorter.me/sfHJp

## Успеси и благодарници

По повод Европскиот ден на правдата, претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, додели благодарница на Коалиција „Сите за правично судење“ за континуираната соработка и посветеност во полето на правосудството.



*Претседателката на Врховниот суд Беса Адеми и извршниот директор на Коалицијата Дарко Аврамовски*

## Донатори и поддржувачи во 2024 година

Европска Унија

Амбасада на Соединетите Американски Држави

Британска амбасада

# ФИНАНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА

# ФИНАНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА

## Биланс на приходите и расходите на 31.12.2024

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 13.396.455,00 ден. |
| 2 | Приходи од услуги | 520.821 ден. |
| 3 | Други приходи | 14.713 ден. |
| 4 | Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 1.416.484,00 ден. |
| | **Вкупни приходи:** | **15.348.473,00 ден.** |

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Потрошени материјали | 133.127,00 ден. |
| 2 | Потрошена енергија | 33.173,00 ден. |
| 3 | Други услуги | 110.677,00 ден. |
| 4 | Превозни и транспортни услуги | 45.933,00 ден. |
| 5 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 105.252,00 ден. |
| 6 | Наемнини | 288.000,00 ден. |
| 7 | Други материјални расходи | 488.640,00 ден. |
| 8 | Провизија за платниот промет | 56.313,00 ден. |
| 9 | Премии за осигурување | 4.691,00 ден. |
| 10 | Дневници за службено патување | 95.840,00 ден. |
| 11 | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 6.011.454,00 ден. |
| 12 | Негативни курсни разлики | 22.015 ден. |
| 13 | Други расходи | 516.803,00 ден. |
| 14 | Средства за опрема | 13.020,00 ден. |
| 15 | Вкалкулирани плати | 672.000,00 ден. |
| | **Вкупни расходи:** | **8.596.938,00 ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| | **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ (ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ)** | **6.751.535,00 ден.** |

## Биланс на состојба на 31.12.2024

| | АКТИВА | |
|---|---|---|
| 1 | Опрема | 59.119,00 ден. |
| 2 | Парични средства | 6.786.174,00 ден. |
| | **Вкупна актива:** | **6.845.293,00 ден.** |

| | ПАСИВА | |
|---|---|---|
| 1 | Деловен фонд | 59.119,00 ден. |
| 2 | Краткорочни обврски | 31.657,00 ден. |
| 3 | Пасивни временски разграничувања | 6.754.517,00 ден. |
| | **Вкупна пасива:** | **6.845.293,00 ден.** |

# КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

### Тимот на националната канцеларија на Коалицијата

| | | |
|---|---|---|
| ДАРКО АВРАМОВСКИ<br>ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР | ДАНИЕЛ МИТКОВСКИ<br>ФИНАНСИСКИ И АДМИНИСТРАТИВЕН МЕНАЏЕР | ИВАНА ПЕТКОВСКА<br>ПРОГРАМСКА КООРДИНАТОРКА |
| Тел/Факс: 00 389 2 6139874<br>davramovski@all4fairtrials.org.mk | Тел/Факс: 00 389 2 6139874<br>dmitkovski@all4fairtrials.org.mk | Тел/Факс: 00 389 2 6139874<br>ipetkovska@all4fairtrials.org.mk |
| ЛЕЈЛА ТУТИЌ<br>ПРАВЕН ИСТРАЖУВАЧ | НАТАША ПЕТРОВСКА<br>ПРОЕКТНА КООРДИНАТОРКА | ОСМАН ЦЕКА<br>ПРАВЕН ОФИЦЕР ЗА БПП |
| Тел/Факс: 00 389 2 6139874<br>ltutic@all4fairtrials.org.mk | Тел/Факс: 00 389 2 6139874<br>petrovskan@all4fairtrials.org.mk | Тел/Факс: 00 389 2 6139874<br>oceka@all4fairtrials.org.mk |
| | ЛЕЛА РАДУЛОВИЌ<br>ПРОЕКТЕН АСИСТЕНТ | |
| | Тел/Факс: 00 389 2 6139874<br>lradulovikj@all4fairtrials.org.mk | |

### Информации за Коалицијата:




*Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“*
*ул. Македонија 11/2-10, 1000, Скопје*
*Тел/Факс: 00 398 2 6139874*
*www.caft.org.mk | www.otvorenosudstvo.org.mk*